Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 599/10
Датум: 8.11.24.

Врз основа на постапка поведена по службена должност со бр. 08 – 599/3 од 13.09.2024 година, за потенцијална дискриминација во пристапот до задолжително основно образование врз основа на попреченост против Министерството за образование и наука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и 15 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 07.11.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на пристап до задолжително основно образование врз основа на попреченост од страна на Министерството за образование кон група ученици со попреченост.

### Образложение

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 02.09.2024 година во вестите на Телевизија и на нејзиниот веб портал , ја забележа веста со наслов „Школската година почна без образовни и лични асистенти, родителите револтирани, министерката смирува", која е достапна на следниот линк: https:, /details/shkolskata-godina-pochna-bez-obrazovni-i-lichni-asistenti-roditelite-revoltirani-ministerkata-smiruva . Во истата се вели дек првиот училишен ден започнува за сите, освен за децата кои имаат потреба од образовни или лични асистенти. „Школската година започна, но асистенти нема, тврдат револтирани родители на деца со посебни потреби, а причина е како што коментираат, доцна распишаниот оглас." Согласно објавената вест, еден родител, татко на дете со аутистичен спектар, вели „и со образовни асистенти животот на овие деца е тежок, но без нив уште потежок". Тој прашува зошто административните процедури не се завршени порано, за да може и за овие деца училишната година да започне на 2 ри септември.

Имено, согласно член 4, став 2 од Правилникот за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент, Општинските основни училишта барањата за обезбедување на образовен/личен асистент до основните училишта со ресурсен центар, за учениците од второ до деветто одделение ги доставуваат до месец март, а за учениците кои се запишани во прво одделение во првата половина во првата половина од месец јуни од тековната година, за наредната учебна година. Основното училиште со ресурсен центар побарувањата за образовен/личен асистент за неговиот реон ги доставува до

Министерството за образование и наука, во рок од 15 дена од приемот на барањата, заради добивање на согласност од МОН и МФ.

Врз основа на наведеното, како и фактот дека во конкретниот случај засегнати се поголем број на ученици, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на седницата одржана на 03.09.2024 година одлучи да поведе постапка по службена должност.

Заради испитување на претпоставката за дискриминација Комисијата испрати Барање за информации до ОУРЦ „Иднина" Скопје, ОУРЦ „Др. Златен Сремец", ОУРЦ „Маца Овчарова" Велес, ОУРЦ „Кочо Рацин" Битола и ОУРЦ „Свети Климент Охридски" Ново Село. Со истото беа побарани следните информации:

- Колку ученици/училишта побарале образовна асистенција од Вашето училиште, а кои имаат обезбедено функционална проценка и мислење од телата за проценка;
- Колку финансиски средства се обезбедени од МОН и за колку образовни асистенти;
- Дали бројот на образовни асистенти ќе биде доволен да се обезбеди поддршка за сите ученици и наставници кои имаат потреба од истото;
- Дали Општинските основни училишта навремено ги доставиле барањата до Вас за обезбедување образовни/лични асистенти согласно Правилникот за начинот на побарување на образовен асистент и начинот на селекција и избор на образовен асистент, односно за учениците од второ до деветто одделение ги доставуваат до крајот на месец март, а за учениците кои се запишани во прво одделение во првата половина на месец јуно од тековната година, за наредната учебна година и
- Кога ќе бидат склучени договорите за работа со образовните асистенти за оваа учебна година и кога истите ќе бидат распределени до општинските основни училишта, каде што има потреба за тоа.

ОУРЦ „Свети Климент Охридски" Ново Село во поднесокот доставен како одговор до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација информираше дека од страна на 27 основни училишта за учебната 2024/2025 година добиле барања за 47 образовни асистенти за ученици со попреченост (со функционална проценка и мислење од телата за проценка). Од страна на Министерството за образование и наука биле обезбедени 55 974 325, 00 денари, за вкупно 20 образовни асистенти. За да биде обезбедена образовна поддршка за сите ученици за кои било поднесено барање, известуваат дека недостасуваат уште 27 образовни асистенти. Воедно, известуваат дека општинските основни училишта навремено ги доставиле потребните барања за образовни асистенти до ОУРЦ „Свети Климент Охридски" Ново Село. Како и дека договорите со образовните асистенти е планирано да бидат склучени по завршувањето на целосната

постапка по оглас за вработување на образовни асистенти за учебната 2024/2025 година.

ОУРЦ „Кочо Рацин“ Битола во поднесокот доставен како одговор до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација информираше дека до нив како училиште со ресурсен центар, до моментот на доставување на поднесокот пристигнати биле барања за образовна асистенција од 46 општински основни училишта. Кон сите барања биле доставени и функционални проценки од стручното тело. Од страна на Министерството за образование и наука обезбедени биле финансии за 134 образовни асистенти – старо финансирање и 30 нови финансирани места. Со поднесокот известија дека секојдневно добиваат нови барања за образовни асистенти и на тој начин бројот на потребни образовни асистенти се зголемува. Се појаснува дека општинските основни училишта барањата ги доставиле согласно Правилникот за начинот на побарување, селекција и избор на образовни асистенти. За учениците во прво одделение кон барањата биле доставени соодветни МКФ проценки, во месец јуни или по добивање на мислењето на стручното тело. Во моментот на доставување на поднесокот информираат дека се врши селекција на каднидати за 134 работни места по старо финансирање и дека во тек е нов оглас за 30 работни места по ново финансирање.

ОУРЦ „Иднина“ Скопје во поднесокот доставен како одговор до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација извести дека за обезбедување на образовна асистенција за учениците кои имаат функционална проценка побарале:

- Образовна асистенција за 237 ученици кои следнат настава на македонски јазик;
- Образовна асистенција за 161 ученици кои следнат настава на албански јазик и
- Образовна асистенција за 6 ученици кои следат настава на турски јазик.

Од страна на Министерството за образование и наука добиле 261 согласност (старо финансирање), од кои 146 согласности за образовна асистенција на македонски јазик и 115 на албански јазик. По ново финасисрање добиле 73 согласности, од кои 59 за образовна асистенција на македонски јазик и 14 на албански јазик. Согласно Правилникот за начинот на побарување на образовни асистенти, општинските основни училишта барањата за обезбедување образовни асистенти, за учениците од второ до деветто одделение ги доставиле навремено, односно до крајот на месец март, додека за учениците кои се запишани во прво одделение во првата половина на месец јуни од тековната година, за наредната година. Во прилог на поднесокот го доставија Барањето согласност за вработување на определено време – старо финансирање кое било испратено до Министерството за образование и наука на 18.06.2024 година, како и Барањето согласност за вработување на определено време – ново финансирање, испратено на истиот датум. Со истото биле побарани 264 стручни соработници – образовни асистенти на определено време според старо финансирање за учебната

2024/2025 година. Во прилог беше доставен и одговорот кој го добиле од Министерството за образование и наука од 15.08.2024 година, со кој е доставена согласност за вработување на определено време – старо финансирање за 261 лице на работно место образовен асистент до крајот на учебната 2024/2025 година, како и информација за обезбедени финансиски средства.

ОУРЦ „Др. Златен Сремец“ Скопје во поднесокот доставен како одговор до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација информираше дека до нив како училиште со ресурсен центар, од вкупно 96 училишта била побарана образовна асистенција според МКФ за 394 ученици, а дека за учебната 2024/2025 година одобрени биле 300 образовни асистенти. Па врз основа на тоа, констатираат дека бројот на образовни асистенти не е доволен и недостасуваат 67 образовни асистенти. Во однос на навременост на барањата доставени од училиштата, информираат дека наголемиот број од барањата биле доставени навремено, но дека барања пристигаат во текот на целата учебна година. Оттаму информираат дека договорите за вработување со образовните асистенти ќе бидат склучени по завршување на сите законски процедури при спроведување на јавниот оглас. На 16.08.2024 година била добиена согласност за објавување на оглас за 230 образовни асистенти, а огласот бил објавен на 16.08.2024 година. Па согласно постапката, договорите треба да се потпишат на 10.09.2024 година, а образовните асистенти ќе започнат со работа на 11.09.2024 година.

ОУРЦ „Маца Овчарова“ Велес Скопје во поднесокот доставен како одговор до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација информираше дека до моментот на доставување на одговорот, од страна на 31 основно училиште во реонот што го опфаќаат биле побарани 116 образовни асистенти за 116 ученици кои имале обезбедено функционална проценка и мислење од телото за проценка. Министерството за образование и наука обезбедило 60 346 500, 00 денари за 110 образовни асистенти. Со поднесокот известуваат дека согласно Правилникот за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент, вршат рационализација и според тоа се очекува наведениот број на асистенти да биде доволен. Но, доколку во текот на учевната година основните училишта доставатнови барања за образовни асистенти, овој број не би бил доволен. Тоа од причина што, како што се наведува, пратиката на Министерството за образование и наука во текот на учебната година не обезбедува средства за вработување на нови асистенти и поради тоа голем дел од учениците во текот на годината не добиваат поддршка од асистент. Во однос на навременост на доставување на барањата, информираат дека за учениците од второ до деветто одделение навремено биле доставени барања, додека за учениците во прво одделение барањата биле доставени во првата половина на месец јуни, како и во месец јули и август, а имало и барања кои ги добиле во текот на месец септември. Во моментот на доставување на поднесокот се’ уште бил во тек изборот на кандидати за образовни

асистенти. Додека потпишувањето на договорите со примените кандидати предвидено било да се спроведен во периодот од 10 до 13 септември 2024 година.

ОУРЦ „Кочо Рацин“ Битола на 16.09.2024 година го дополни претходно доставениот одговор. Со поднесокот информираше дека до конкретниот датум до нив пристигнале 190 барања за образовна асистенција и дека секојдневно добиваат нови барања со МКФ проценки за доделена образовна асистенција, кои ги доставуваат до Министерството за образование и наука.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 16.09.2024 година испрати Барање за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 - 599/5 до Министерството за образование и наука. Со истото беа побарани и следните информации:

- Кога имаат поднесено барање за обезбедување на согласности за ангажирање на образовни асистенти Основните училишта со ресурсен центар до Министерството за образование и наука?;
- За колкав број на образовни асистенти е побарана согласност од Министерството за образование и наука?;
- Кога ги има доставено Министерството за образование и наука согласностите за ангажирање на образовни асистенти до Основните училишта со ресурсен центар?;
- Колку финансиски средства се обезбедени во Буџетот на Министерството за образование и наука наменети за образовни асистенти во учебната 2024/2025 година?;
- Колку образовни асистенти има предвидено Министерството за образование и наука за учебната 2024/2025 година?;
- Дали бројот на образовни асистенти ќе биде доволен за да се обезбеди поддршка на сите ученици и наставници кои имаат потреба од истото? и
- Дали Министерството за образование и наука е подготвено да обезбеди дополнителни средства за оваа намена доколку се јави таква потреба?

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 20.09.2024 година, согласно надлежностите регулирани во член 30, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација одржа средба со раководителот на Службата за проценка на фунционалноста на децата со попреченост и дел од стручниот тим на службата. Средбата беше одржана заради обезбедување податоци за потребите на предмет отворен по службена должност од Комисијата против МОН, во врска со обезбедување на образовни асистенти во основното образование.

На почетокот, членот на КСЗД ја појасни целта на разговорот, надлежностите на Комисијата и конкретната постапка за заштита од дискриминација.

Оттаму беа побарани информации во однос на бројката на деца за кои е направена проценка и во однос на бројката за децата кои што чекаат да им биде направена проценка.

Од страна на службата за проценка на функционалноста на децата со попреченост појаснија дека во моментот не можат да дадат прецизна бројка, но дека дополнително ќе ги обезбедат тие информации. Воедно, појаснија дека ресурсните центри поседуваат најточни информации. На средбата беше елаборирано дека ниту едно дете не може да добие асистенција, додека не помине процесот на проценка на функционалноста. Досега наведоа дека приближно 1300 деца добиле препорака за асистенција. **Во врска со проценката за бројот на потребни образовни асистенти посочија на потенцијално предизвикувачка состојба. Во таа смисла, можно е откако детето ќе се запише во училиште, да се јават индиции кои упатуваат на потреба за проценка, а тоа да биде по започнувањето на училишната година. Истакнаа дека тоа најчесто се случува кај децата кои се запишуваат во прво одделение и тоа во првите три месеци од почетокот на училишната година.**

Дополнително, појаснија дека за да се обезбеди асистент потребен е наод, а на секои две години се прави следење на состојбата. Следење на состојбата се прави за сите случаи, дури и за оние деца кои имаат трајни дијагнози.

На 26.09.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на бараните информации од Службата за функционална проценка на деца и млади (ЈЗУ Здравствен дом на Скопје). Оттаму беше доставена информација за бројот на ученици на кои им е препорачана углуга образовна асистенција, класифицирани по ОУРЦ, и тоа:

- ОУРЦ Иднина Скопје – 436;
- ОУРЦ др. Златан Сремац – 403;
- ОУРЦ Маца Овчарова Велес – 133;
- ОУРЦ Кочо Рацин Битола – 197 и
- ОУРЦ Св. Климент Охридски Ново Село – 148.

Или вкупно 1317. Со тоа што потенцираат дека кај одреден број на ученици можно е да е прекината услугата поради завршување на основното образование или преселба. Од тие причини истакнуваат дека најсоодветно е да се спореди списокот со проценките кои се доставени до ОУРЦ. Воедно, истакнуваат дека во моментот на доставување на одговорот на списокот за проценка биле приближно уште 25 деца, претежно од Источниот регион и кои би можеле да добијат образовна асистенција.

Министерството за образование и наука во поднесокот за произнесување најпрвин известуваат за законските измени со кои се имплицираат промени на надлежноста во однос на личните асистенти. Појаснуваат дека во однос на личните асистенти направени се измени со Законот за социјалната заштита (Сл. весник на РСМ бр. 163 од 16.07.2021 година), согласно кои надлежноста во однос на личните асистенти спаѓа во

надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади. Поради тоа одредбите кои се однесуваат на личните асистенти во Законот за основното образование ќе бидат избришани со предлог измените на овој закон. Во однос на образовните асистенти се референира на Правилникот за начинот на побарување на образовен/ личен асистент и начинот на селекција и избор на образовен/ личен асистент и Правилникот за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент, како релевантни акти при обезбедувањето образовни асистенти во основното образование. Согласно првонаведениот правилник, се појаснува дека општинските освновни училишта ги доставуваат барањата за обезбедување образовни асистенти до основните училишта со ресурсен центар, според однапред утврдена реонизација. Барањата за образовна асистенција од страна на основните училишта кои се однесуваат на ученици од второ до деветто одделение ги доставуваат до крајот на месец март, додека за учениците кои се запишани во прво одделение во првата полоцина на месец јуни од тековната година, за наредната учебна година. Барањата од општинските основни училишта за обезбедување образовни асистенти се поднесуваат за учениците за кои Стручното тело за проценка има издадено мислење за потреба од образовен асистент. Понатаму, училиштето со ресурсен центар побарувањата за образовен асистент од сите основни училишта во неговиот реон, ги доставува до Министерството за образование и наука, во рок од 15 дена од приемот на барањата за добивање согласност од Министерството за образование и наука и од Министерството за финансии. По добивање на согласноста училиштето со ресурсен центар во рок од 15 дена распишува јавен оглас за избор на образовни асистенти. Јавниот повик се објавува во најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. Во однос на бараните информации од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, известуваат дека ресурсните центри ги доставиле барањата до Министерството за образование и наука во периодот од 21.06.2024 – 11.07.2024 година. Во однос на бројот на образовни асистенти за кои е побарана согласност известуваат дека изнесува 818 по старо финансирање и дека согласностите од страна на Министерството за образование и наука биле доставени до сите основни училишта со ресурсен центар на 15.08.2024 година. Од Буџетот на Министерството за образование и наука со Буџетот за 2024 година за плати и надоместоци на образовни асистенти биле обезбедени 518 753 000 денари, а со Предлог – Буџетот за 2025 година планирани се 674 500 000 денари. Во поднесокот се појаснува дека Министерството за образование и наука за учебната 2024/2025 година има предвидено и обезбедено финансиски средства за 1018 образовни асистенти, односно 818 согласности за образовни асистенти по старо финансирање и дополнително, со ребаланс на буџетот за 2024 година биле обезбедени дополнителни согласности за 200 образовни асистенти, односно ново финансирање за учебната 2024/2025 година. Истакнуваат дека предизвик во однос на оваа учебна година било тоа што во ОУРЦ „Др. Златан Сремец“ – Кисела Вода и ОУРЦ „Иднина“ – Чаир не бил пополнет бројот на образовни асистенти на огласот, поради што огласот повторно ќе биде/бил објавен. Во


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

однос на прашањето „Дали образовните асистенти се во доволен број за да се обезбеди поддршка на сите ученици и наставници како и дали Министерството за образование и наука е подготвено да обезбеди дополнителни средства за оваа намена", во поднесокот известија дека обезбедените согласности се направени врз основа на направени анализи за потребата од ангажирање образовни асистенти и дека доколку се јави потреба за дополнително обезбедување образовни асистенти, Министерството за образование и наука ќе ја разгледа можноста. Во поднесокот се нагласува дека Министерството за образование и наука се залага и понатаму ќе вложува напори за обезбедување квалитетно образование за сите ученици. Воедно, се напоменува дека инклузивното образование се темели на мултидисциплинарен пристап и не може да се сведе на само еден чинител. Појаснуваат дека за таа цел се формираат два вида инклузивни тимови во основните училишта, односно училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен плат или по модифицирана наставна програма. Членовите во инклузивните тимови се наставниците, стручните соработници, директорот и родителите. Во однос на поддршката при учењето за учениците со попреченост, се истакнува дека основното училиште обезбедува: образовен асистент, соодветна стручна поддршка од центар за поддршка на учењето, инклузивен тим и асистивна технологија по препорака на Стручното тело за проценка и во согласност со индивидуалниот образовен план или модифицираната програма. Од Министерството информираат дека во предлог измените во Законот за основното образование се предлага постапката за вработување на образовните асистенти да завршува до крајот на месец јуни, а образовните асистенти да се вработуваат на определено време во државните основни училишта со ресурсен центар за наредната година, додека средствата за образовните асистенти да се обезбедуваат од Буџетот на Министерството. Заклучно, Министерството за образование и наука истакнува дека и понатаму ќе работи во насока на подобрување на квалитето на образованието на учениците со попреченост, почитувајќи ги и излегувајќи во пресрет на нивните индивидуални образовни способности.

Имајќи предвид дека фактичката состојба со образовните асистенти потенцијално би можела да биде променета во текот на постапката за заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација повторно ги побара податоците. За таа цел на 25.10.2024 година, електронски и телефонски се обрати до основните училишта со ресурсен центар, од каде што побара информации за тековната состојба со образовни асистенти во реоните кои ги покриваат училиштата со ресурсен центар. Оттаму беа доставени следните информации:

- ОУРЦ „Иднина" Скопје во реконот кој што го покрива недостасуваат уште 35 стручни соработници – образовни асистенти на македонски наставен јазик и 34 на албански наставен јазик за ученици кои имаат МКФ проценка и истата била доставена од училиштата;

- ОУРЦ „Св. Климент Охридски“ Ново Село има недостаток од 24 стручни соработници – образовни асистенти;
- ОУРЦ „Кочо Рацин“ Битола има недостаток од 21 образовен асистент, за исто толкав број на ученици;
- ОУРЦ „Маца Овчарова“ Велес има недостаток од 5 образовни асистенти, за исто толкав број на ученици и
- ОУРЦ „Златен Сремац“ Скопје има недостаток од 50 образовни асистенти.

**Врз основа на прибраните податоци во постапката отворена по службена должност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го констатира следното:**

**Неспорна е надлежноста на Министерството за образование и наука во обезбедувањето на образовна асистенција за учениците, односно обезбедување на еднакво образование за сите ученици во основното образование. Фактот што се предвидени измени со Законот за социјалната заштита во однос на личните асистенти, не ја менува надлежноста на именуваното министерство во однос на предметот на оваа постапка. Понатаму, Правилникот за начинот на побарување на образовен/ личен асистент и начинот на селекција и избор на образовен/ личен асистент предвидува надлежности за повеќе чинители во процесот на обезбедување образовна асистенција. Во текот на постапката беа побарани податоци од сите засегнати чинители, од кои произлезе дека Министерството за образование и наука како водечки орган во обезбедување на образовна асистенција, доцна ги исполнило своите обврски. Времето на исполнување на надлежностите на Министерството за образование и наука директно го афектира процесот на обезбедување образовна асистенција, а во своето произнесување Министерството за образование и наука не докажа постоење на објективна и разумна оправданост. Како резултат на тоа по почетокот на учебната 2024/2025 година постои недостаток од 169 образовни асистенти кои треба да овозможат поддршка во образовниот процес на учениците со посебни образовни потреби и нивните наставници.[1] Оттука произлегува дека и покрај тоа што на голем број од учениците со посебни образовни потреби им е овозможена образовна асистенција, сепак на голем број од учениците со попреченост таквата поддршка не им е овозможена. Ваквата практика е забележана и претходно во изминатите учебни години, што упатува на потреба од покоординирано и навремено менаџирање на активностите во врска со инклузивното образование од страна на Министерството за образование и наука. Со таквото постапување на Министерството за образование и наука се врши подвојување на учениците со попреченост во однос на обезбедување на квалитетно образование, од почетокот до крајот на учебната година, за разлика од учениците без попреченост. Резултатот на постапувањето на Министерството за образование и наука е изоставување да се обезбеди еднаков квалитет на основното образование кое е задолжително, како за учениците со типичен развој, така и за учениците со попреченост. На тој начин се заклучува дека**

[1] Пресек од 25.10.2024 година, според податоците добиени од училиштата со ресурсен центар

делумното почитувањето на одредбите од Правилникот од страна на надлежното министерство резултирало со нееднаков третман кон учеництите со попреченост. За нив врз основа на соодветна проценка од Стручното тело за проценка се контатирани посебни образовни потреби, односно е препорачана образовна асистенција. Од вкупниот број на ученици кои добиле таква проценка, 169 од почетокот на училишната 2024/2025 година не добиле образовна асистенција. Се заклучува дека нееднаквото постапување се заснова токму на посебните образовни потреби кои произлегуваат од различна форма на попреченост или атипичен развој кај овие ученици, кое изискува обезбедување на образовна асистенција, а има за цел овозможување на еднаков квалитет на образование. Оттука се констатира дека на оваа група ученици им е оневозможен пристап до квалитетно задолжително основно образование на еднаква основа со учениците без попреченост. Поради наведеното Комисијата констатира дека е исполнета одредбата од Законот за спречување и заштита од дискриминација со која е опфатена директната дискриминација. Дискриминација е сторена со пропуштање да се изврши соодветно прилагодување на основното образование кон потребите на 169 ученици со попреченост, односно посебни образовни потреби кои се запишани во редовните основни училишта во државата. Резултатот или штетата која се јавува од ваквото постапување кон засегнатите ученици е оневозможување за стекнување на квалитетно образование на еднаква основа со учениците без попреченост кои немаат потреба од поддршка во образовниот процес.

Согласно член 8, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

***„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."***

**При носење на ова Мислење, освен Законот за спречување и заштита од дискриминација предвид беа земени Законот за основното образование, Концепцијата за инклузивно образование, Правилникот за начинот на побарување на образовен/ личен асистент и начинот на селекција и избор на образовен/ личен асистент, Правилникот за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент, Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и заклучните препораки на Комитетот на ООН за правата на лицата со попреченост во однос на извештајот на РСМ и Конвенцијата за правата на детето.**

Врз основа на изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење дека Министерството за образование и наука извршило директна дискриминација врз основа на попреченост во областа на образование кон учениците со попреченост или посебни образовни потреби.

Согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдена дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

# ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија да обезбеди доволен број на образовни асистенти за сите ученици на кои им е препорачана образовна асистенција и со тоа еднаков квалитет на основното образование како на останатите ученици кои немаат потреба од образовна поддршка.

**Министерството за образование и наука треба да го исполни препорачаното во рок од 60 дена од денот на прием на ова Мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија да ја напушти досегашната практика и за таа цел да ја разгледа можноста во новите предлог измени на Законот за основното образование, образовните асистенти кои покажале солидни резултати да бидат вработени на неопределено време.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија во иднина да ја почитува постапката и временската рамка што се однесува на обезбедување на образовни асистенти, со цел обезбедување еднаков квалитет на образовниот процес за сите ученици од почетокот, па до крајот на учебната година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го следи исполнувањето на препораките, а доколку Министерството за образование и наука не постапи согласно овие препораки, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ќе биде поднесено барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Министерство за образование и наука со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, 1000 Скопје
- ОУРЦ „Иднина" Скопје со седиште на ул. „Втора Македонска бригада" бр. 3, 1000 Скопје
- ОУРЦ „Св. Климент Охридски" Ново Село со седиште на „Маршал Тито" бр. 103, Ново Село
- ОУРЦ „Златан Сремец" Скопје со седиште на ул. „Емил Зола" бр. 5, 1000 Скопје
- ОУРЦ „Кочо Рацин" Битола со седиште на ул. „Захарија Шумљанска" б.б., 7000 Битола
- ОУРЦ „Маца Овчарова" Велес со седиште на ул. „Кресненско востание" бр. 4, 1400 Велес